**20230190269**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАНИЧНА КОНТРОЛА (*)

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за гранична контрола (*),

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 24 јануари 2023 година.

Бр. 08-370/1
24 јануари 2023 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАНИЧНА КОНТРОЛА (*)

Член 1

Во Законот за гранична контрола („Службен весник на Република Македонија” број 171/10, 41/14, 148/15, 55/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 171/22), во член 3 во точката 21 на крајот од реченицата сврзникот „и“ се заменува со точка и запирка.

Во точката 22 точката на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

По точката 22 се додаваат пет нови точки 23, 24, 25, 26 и 27, кои гласат:

„23. „Патник“ е секое лице, вклучувајќи ги и лицата во трансфер или транзит, со исклучок на членовите на екипажот, кое се превезува или ќе се превезува во воздухоплов со согласност на авиопревозникот, видливо од уписот на лицето во листата на патници;

24. „Евиденција на патнички податоци“ (во натамошниот текст: ЕПП) е евиденција на барања на секој патник во врска со патувањето, која содржи информации кои се неопходни за обработка и контрола на резервации од страна на вклучените авиопревозници и оние кои вршат резервација за секое патување резервирано од страна на некое лице или друго лице во негово име, независно од тоа дали е составен дел од системот за резервација, системите за контрола на заминување што се користат за проверка на патниците од летовите или слични системи за обезбедување на истите функции-функционалности;

* Со овој закон се врши усогласување со Директива 2016/681 на Европскиот парламент и на Советот од 27 април 2016 за употребата на податоци од евиденцијата на податоци за патниците (ЕПП) за спречување, откривање, истрага и кривично гонење на кривичните дела на тероризам и тешки кривични дела, CELEX бр. 32016L0681

25. „Систем за резервација“ е внатрешен систем на авиопревозникот, во кој се собираат податоци од ЕПП со цел управување со резервациите;

26. „Метод на внесување“ е начинот на кој авиопревозниците ги пренесуваат податоците од PNR во базите на податоци на Единицата која ги бара и

27. „Деперсонализација на податоци“ е постапка со која за корисниците одреден вид на податоци се прават невидливи со кои може директно да се идентификува лице на кое се однесуваат тие податоци.“.

Член 2

По членот 28 се додаваат три нови наслови и три нови членови 28-а, 28-б и 28-в, кои гласат:

**„Собирање и обработка на податоци од евиденциите на податоци за патниците во авионскиот сообраќај**

Член 28-а

Со цел спречување, откривање и водење истраги за кривични дела тероризам и други тешки кривични дела, во Министерството се формира Единица за собирање и обработка на податоци за патници (PNR и API податоци), (во натамошниот текст: Единицата), која ги врши работите за:

- собирање на податоците од PNR од авиопревозниците, чување и обработка на тие податоци, како и за пренос на тие податоци или резултатите добиени од нивната обработка до надлежните органи од членот 28-б од овој закон и

- размена на податоците од PNR и резултатите добиени од нивната обработка со други држави или меѓународни агенции (Европол, Интерпол и слично).

Авиопревозниците се должни податоците за патниците од авионскиот сообраќај да ги пренесат по електронски пат со метод на внесување во базите на податоци на Министерството, употребувајќи ги притоа нивните заеднички протоколи и поддржани формати за пренос на податоци и тоа:

1) Код на евиденција на податоци за патници во авиосообраќај;

2) Датум на резервација/ издавање карта;

3) Предвиден датум на патување;

4) Име (имиња);

5) Адреса и контакт-податоци (телефонски број, електронска адреса и слично);

6) Сите податоци за начинот на плаќање, вклучувајќи и адреса за праќање сметка;

7) Целосен план на патувањето;

8) Податоци за програми за лојалност кон авиопревозниците;

9) Патничка агенција/агент;

10) Статус на патникот, вклучувајќи и информации за потврда, пријава на лет, непријавување на лет или пријава во последен момент без резервација;

11) Општи забелешки (вклучувајќи ги сите достапни информации за малолетните патници без придружба, пол, јазик, контакти, патнички агенти и слично);

12) Информации за авионската карта, вклучувајќи го и бројот на картата, датумот на издавање, во еден правец, цена и слично;

13) Број на седиште и други информации за седиштето;

14) Информации за заеднички лет;

15) Сите информации кои се однесуваат на багажот на патникот;

16) Целосни и точни податоци за патниците, согласно со членот 28 став 2 од овој закон;

17) Сите хронолошки измени на податоците од евиденцијата на патници наведени во точките од 1) до 16) на овој член.

Авиокопревозниците се должни да ги достават сите податоци од ставот 2 на овој член, во рок од 24 часа пред закажаното време на полетување на авионот, односно веднаш по затворањето на летот и качувањето на патниците во авионот кој се подготвува за полетување кога повеќе патниците не можат да се качат или да се симнат од авионот.

Министерството врз основа на анализа на податоците од патниците врши проценка на патниците од летовите заради идентификација на лица за кои е потребна дополнителна контрола од страна на надлежни служби, а заради можна поврзаност со кривични дела тероризам и други тешки кривични дела, врз основа на критериуми кои не треба да ги дискриминираат патниците, кои треба да бидат насочени, пропорционални и одредени и не смеат да се темелат на расна или етичка припадност, политички ставови, верски или други убедувања.

Министерот определува лице за заштита на податоци кое е задолжено за следење на обработката на податоците и спроведување одредени заштитни мерки.

**Надлежни органи за размена на податоци за патници**

Член 28-б

Домашни надлежни органи за размена на податоците за патници кои ги собира и обработува Министерството или резултатите од тие податоци се: Министерството за внатрешни работи, Агенција за разузнавање, Агенцијата за национална безбедност, Министерството за одбрана – Сектор – Служба за воена безбедност и разузнавање и Воена полиција, Министерството за финансии – Царинска управа, Министерството за финансии - Управата за финансиска полиција и Министерството за финансии - Управата за финансиско разузнавање, Јавното обвинителство и судовите.

Надлежните органи од ставот 1 на овој член, податоците од PNR или резултатите од тие податоци може дополнително да ги обработуваат само со цел за спречување, откривање и водење истраги за кривични дела тероризам и други тешки кривични дела.

Странски надлежни органи за размена на податоците за патници кои ги собира и обработува Министерството или резултатите од тие податоци се органите од членот 60 од овој закон.

**Начин на собирање, обработка, размена и пренос на податоци**

Член 28-в

Начинот на собирање на податоците и резултатите од обработката на податоците од членот 28-а од овој закон, како и начинот на размена и пренос на податоците меѓу надлежните органи од членот 28-б од овој закон ги пропишува министерот за внатрешни работи.".

Член 3

Во член 64 во точката 1) зборот „детални" се брише.

Во точката 5) сврзникот „и" на крајот на реченицата се заменува со точка и запирка.

Во точката 6) точката на крајот на реченицата се заменува со точка и запирка.

По точката 6) се додаваат две нови точки 7) и 8), кои гласат:

„7) евиденција на податоци за патниците во авионскиот сообраќај и

8) евиденција на предадени податоци за патници во авионскиот сообраќај на надлежните органи од членот 28-б од овој закон.".

Член 4

Во член 65 по ставот 6 се додаваат два нови става 7 и 8, кои гласат:

„Во евиденциите од членот 64 точка 7) од овој закон се собираат, обработуваат и чуваат податоците од членот 28-а став 2 од овој закон и податоци за времето на нивното бришење.

Во евиденциите од членот 64 точка 8) од овој закон, се евидентираат податоци за примени барања за размена на податоци од членот 28-а став 2 од овој закон и податоци за органите на кои се предадени податоците од членот 28-а став 2 од овој закон.“.

Ставовите 7, 8, 9, 10 и 11 стануваат ставови 9, 10, 11, 12 и 13.

По ставот 12 кој станува став 14 се додаваат два нови става 15 и 16, кои гласат:

„Личните податоци од евиденциите од ставовите 7 и 8 на овој член се чуваат пет години од денот на внесувањето во евиденцијата.

По истекот на шест месеци од денот на доставувањето на податоците за патници, се врши деперсонализација на податоците со прикривање на податоците за имиња, адреси и контакт-податоци, податоците за начинот на плаќање, податоците за програми за лојалност и податоците од членот 28-а став 2 точка 16) од овој закон.“.

Член 5

Во членот 66 ставови 1, 2 и 3 зборот „Дирекцијата“ се заменува со зборот „Агенцијата“.

Член 6

Во членот 67 став 4 зборот „Дирекцијата“ се заменува со зборот „Агенцијата“.

Член 7

Подзаконскиот акт од членот 28-в од овој закон, ќе се донесе во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 8

Актот за организација и работа на Министерството и актот за систематизација на работните места во Министерството ќе се усогласат со овој закон во рок од еден месец од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 9

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.